


# Основец ранет со огнено оружје во училиште во тетовска Палатица

ХРОНИКА / 05.04.2017 / 12:32

**Седмоодделенец се наоѓа во животна опасност откако вчера попладне кон него било пукано од огнено оружје во дворот на Основното училиште „Фан Ноли" во селото Палатица, во Општина Желино.**




Настанот се случил кога 17-годишник од Скопје со пријавен престој во Палатица истрелал куршум кон седмоодделенецот.

Детето поради сериозноста на повредите е пренесено во Ургентниот центар во Скопје, врз него е извршен оперативен зафат и се наоѓа во животна опасност.

Во соработка со Центарот за социјални работи од Тетово, надлежен обвинител од Основното јавно обвинителство – Тетово до Судија за деца при Основниот суд во Тетово достави предлог мерки за обезбедување на сторителот на кривичното дело – Убиство од чл.123 ст.1 во врска со чл.19 од Кривичниот законик.

Основното јавно обвинителство – Тетово ги презема сите неопходни мерки и активности за расветлување на случајот.

0 коментари

Подреди по Најстари

Додај коментар...

1 час Ереван: Азербејџан користи балистички ракети против цивили

2 часа Истегнување нозе со Памела Рајф

2 часа Шефот на Ред Бул ја коментираше одлуката на Хонда да ја напушти Ф1

3 часа Дневен преглед на состојбата со COVID-19 во светот

3 часа Привремен сообраќаен режим во Скопје в недела поради маратонот

## ХРОНИКА


Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Казни за 874 лица за неносење маски


Побаран притвор за 55-годишен скопјанец поради силување




## ВЕСТИ











Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Комитетот на министри бара Бугарија да дозволи регистрација на здруженијата на македонското малцинство


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Детална анализа за порастот на заболени од Ковид, викендот препорака за евентуални нови рестриктивни мерки


Рама: Амбиција на двете влади е да се укине границата меѓу Албанија и Косово


Османи: Имаме високи очекувања од ЕУ и активно се подготвуваме за стартот на преговорите



© 2005-2020 Кајгана Медиа. Сите права задржани.

Согласни со iab. Етички кодекс